ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 841 /1
Прилеп 07.05 2024 год.

Врз основа на член 456 точка 5 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп доставува

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

1.Тутунски комбинат АД Прилеп заради непречено одвивање на откупот на тутун, има потреба да склучи Анекс бр.2 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право заведен кај Комерцијална банка АД Скопје под бр.08-2100-277/1 од 14.11.2017 година, со кој износот на рамковниот кредит лимит се зголемува до максимален износ 6.015.000,00 ЕУР и рокот на важност на рамковниот кредит лимит се продолжува до 30.09.2029 година, а со НЛБ Банка АД Скопје да склучи Анекс 2 кон Договорот на рамковен револвинг кредит лимит врз основа на договорен залог бр.0902-759 од 01.11.2017 година, со кој износот на рамковниот кредит лимит се зголемува до максимален износ 6.015.000,00 ЕУР, а рокот на рамковниот револвинг кредит лимит се продолжува до 30.09.2029 година. Со тоа вкупното задолжување на Друштвото кон Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје ќе биде 12.030.000,00 ЕУР.

2.Задолжувањето на Друштвото со цитираните Анекс бр.2 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право заведен кај Комерцијална банка АД Скопје под бр.08-2100-277/1 од 14.11.2017 година и Анекс бр.2 кон Договорот на рамковен револвинг кредит лимит врз основа на договорен залог бр.0902-759 од 01.11.2017 годинаа со НЛБ Банка АД Скопје, претставува зделка од голема вредност – над 50% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка и оваа зделка подлежи на правилата за одобрување на голема зделка според одредбите на ЗТД и одредбите на Статутот на ТК АД Прилеп .

3.Предвид на горното Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп препорачува Собранието на акционери да ја одобри оваа зделка, но притоа потенцирајќи согласно одредбите од ЗТД, за правото на акционерите да не се согласат со предложената голема зделка.

За Тутунски комбинат АД Прилеп
Генерален извршен директор
Зоран Пачешкоски

"Тутунски Комбинат" Прилеп АД-Прилеп со П.О.